РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02 - 518 / 1
19.03.2026
СКОПЈЕ

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Согласно член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“во Скопје (Универзитетски гласник бр. 422 од 5.11.2018 година) и одлуките на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа, деканот на Економскиот факултет – Скопје, го распишува следниот интерен:

# О Г Л А С

за ангажирање демонстратор на катедрата по менаџмент на Економскиот факултет – Скопје во учебната 2025/2026 година

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје, распишува оглас за ангажирање на еден демонстратор на Катедрата по менаџмент за учебната 2025/2026 година.

За демонстратор, може да биде избрано лице кое има статус на студент на втор или трет циклус студии од соодветната студиска програма и кое првиот циклус студии го завршило со просечна оценка најмалку 8,00 (осум) и притоа остварил најмалку 240 ЕКТС кредити. Кандидатот за демонстратор треба да има истакнато етичко поведение и однесување, односно на истиот да не му е изречена дисциплинска мерка во текот на студирањето.

Кандидатите ќе можат да се пријават во рамки на овој оглас најдоцна до 26 март 2026 година, до 15:30 часот. Документите поднесени по овој рок, нема да бидат земени предвид.

Демонстраторот се ангажира заради реализирање на вежби. Надоместокот за реализирани вежби изнесува 400 денари во нето износ за еден одржан час. Извршувањето на дополнителни административни активности ќе се утврди согласно актите на Факултетот, со взаемен договор на двете договрнни страни.

Заинтересираните кандидати потребно е до архивата на Факултетот, во затворен коверт да ги достават следните документи: пријава за учество, уверение за завршен прв циклус студии, копија од индексот или друг документ од кој може да се докаже статусот на студент на втор односно трет циклус студии, како и лична изјава дека не му е изречена дисциплинска мерка во текот на студирањето.

Изборот го врши Наставно-научниот совет.

Со избраните кандидати ќе се склучат договори за нивно ангажирање.

**Д Е К А Н**

-------------------------------

**Проф. д-р Мијалче Санта**

DIGITALLY SIGNED
Mijalche Santa
Мијалче Санта
KIBS Qualified Certificate
2026.03.19 12:53